Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 58, 15 април 2011 година

април 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област нефрологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје градежништво и водостопанство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на англиски јазик и методика на литературата на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ - УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука број 2502-131/6 од 25.11.2010 год. за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***хигиена*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 25.1.2011 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-148/24 и Решение број 2502-148/51 за претседател, 2502-148/50 за член и 2502-148/49 за член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научна област *хигиена* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Ѓорги Шуманов, вонреден професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
2. д-р Милка Јанкуловска-Здравковска, насловен вонреден професор, вработена на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје, член;
3. д-р Гордана Панова, доцент, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 22.12.2010 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Гордана Ристовска, вработена во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, Сектор за здравствена екологија во Скопје.

Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Гордана Ристовска** е родена на 29 јуни 1964 година во Скопје. Основно и средно образование, како и Медицински факултет, завршува во Скопје. Својот работен стаж го започнува во Министерството за здравство - Републички санитарен и здравствен инспекторат, а во септември 2001 година го продолжува работниот стаж во Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје.

Во 2003 година е избрана за помлад асистент по предметот хигиена при Медицинскиот факултет во Скопје. На 24 октомври 2003 година со одбрана на магистерскиот труд *„Процена на здравствено-еколошкиот ризик од бучавата кај училишните деца во Град Скопје“* се стекнува со звањето **магистер на медицински науки**.

Во ноември 2003 година го положува специјалистичкиот испит по хигиена и со тоа се стекнува со звањето **специјалист по хигиена**.

Во март 2005 година е избрана за асистент по предметот Хигиена.

На 20 јануари 2010 година со одбрана на докторската дисертација со наслов *„Процена на здравствено-еколошкиот ризик од комуналната бучава кај возрасната популација во Град Скопје“* се стекнува со звањето **доктор на медицински науки**.

Кандидатката активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик и има познавање на повеќе компјутерски програми.

***Наставно-образовна дејност***

Како асистент, кандидатката учествува во планирањето, подготвувањето и изведувањето на практичната настава за студените на студиите по општа медицина, за студентите на Високата школа за стручни медицински сестри, Високата школа за радиолошки технолози и Високата школа за физиотерапевти. Исто така, кандидатката учествува во изведување на теоретската настава на наведените студиски програми со најмалку два часа. Со најмалку два часа учествува во теоретската настава за студените на постдипломските студии по јавно здравство. Учествува во едукацијата и реализацијата на специјализантскиот стаж за специјализантите по хигиена и ментор е на четири специјалистички труда од областа на хигиената.

Д-р Гордана Ристовска е еден од авторите на два позитивно рецензирани универзитетски учебника:

- „Хигиена и здравствена екологија“, издаден во Скопје, 2008 година, рецензиран во Билтенот на Универзитет „Св .Кирил и Методиј” бр.937 од 29.2.2008 г.;
- „Хигиена на храна и исхрана“, издаден во Скопје, 2008 година, рецензиран во Билтенот на Универзитет „Св .Кирил и Методиј” бр.937 од 29.2.2008 г.

Публикацијата на СЗО „Хигиена на исхрана и превенција на хронични незаразни болести” е преведена од кандидатката, од англиски на македонски јазик, и е наменета за едукација на студентите, специјализантите и специјалистите по превентивните гранки од медицината.

Од областа на својата експертиза д-р Ристовска учествува во образовна телевизиска програма и тоа во: А1 телевизија – емисија „Раноден“ на тема „Контрола на безбедноста на храната“; Сител телевизија – „Влијанието на нејонизирачкото зрачење врз здравјето на луѓето“; МТВ Дневник – „Легислативата за бучавата од животната средина и мерки за превенција“; А1 телевизија – „Раноден“ - Влијанието на бучавата врз здравјето на луѓето.

Кандидатката остварува неколку студиски престои во странство, како активен учесник на тренинзи наменети за Југоисточна Европа, како што се:

- Национална агенција за храна и Националниот институт за акредитација на Шведска, 2003 година, еден месец во Стокхолм, Тренинг „Регулаторни системи во безбедноста на храната - Развој на инфраструктурата за регулатива за безбедност и квалитет на храната во Балканскиот регион”.
- FAO/ICD/WHO-EURO. Basic awareness course on microbiological risk assessment, Љубљана, Словенија, 27-29 септември 2005 година**.**
- EUROTOX и Bulgarian Toxicological Society. Тренинг за базична токсикологија. 18-24 март 2006, Боровец, Бугарија.
- Вашингтон, САД, 2007 година, 15 дена, Напреднат тренинг за безбедно управување со хемикалии.
- Национална школа за јавно здравје на Холандија-15 дена во Хаг, Холандија, 2008 година, Тренинг за принципите на применето јавно здравје.
- WHO GSS and MedVetNet . Напреднат тренинг за надзор на болести поврзани со храната и истражување. Варшава, Полска, 25-29 февруари 2008 година.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Гордана Ристовска учествува како координатор на Работната група за ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, во националниот проект „Овозможувачки активности за олеснување на раното дејствување на имплементацијата на Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи во Република Македонија”, во периодот 2001-2004 г. Исто така, учествува како истражувач во билатералниот проект „Евалуација на прекуграничното загадување на реката Вардар и влијанието врз здравјето на луѓето и животната средина”, 2005-2007 година, чиј носител е Медицинскиот факултет- Скопје, а финансиран од Министерството за образование и наука на РМ.

Во 2009 година започнува со учество како истражувач во меѓународниот проект „Европска мрежа за бучава и здравје” (ENNAH- European Network on Noise and Health, Grant agreement 226442), 2009-2011 година, финансиран со 7. Рамковна програма на Европската комисија.

Исто така, кандидатката учествува во два тековни проекта од COST акциите на ЕУ. Таа учествува како истражувач и член на управувачкиот одбор на меѓународниот COST проект - TU 0901 Integrating and Harmonizing Sound Insulation Aspects in Sustainable Urban Housing Constructions 2009-2013 и на меѓународниот проект TD 0804 Soundscape of European Cities and Landscapes 2009-2012.

Д-р Ристовска одржала неколку предавања на научни собири во земјава и во странство и тоа едно пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество на Работилница на СЗО во октомври 2010 година (WHO Regional Office for Europe - Burden of diseases of environmental noise) со наслов „Потребите за знаења и градење на капацитети во новите земји-членки на ЕУ и земјите на Југоисточна Европа". Како учесник во ENNAH проектот има одржано едно секциско предавање на научен собир со меѓународно учество во Гент, Белгија, во рамките на проектот ENNAH, со наслов „Проценка на изложеност и ризикот од бучавата во Република Македонија".

Во земјава има одржано три секциски предавања за специјалистите по хигиена на темата „Принципите на HACCP и неговата примена во функција на безбедноста на храната".

***Стручно-апликативна дејност***

Д-р Гордана Ристовска е еден од авторите на стручната монографија *„Нутритивна антропометрија, мерења, индикатори, индекси, нутритивен статус"*. Скопје, 2004, рецензирана во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 941 од 30.4.2008 г. Заради обновување со нови научни и стручни достигнувања, авторите изготвиле второ дополнето издание во 2006 година.

За извршување на едукативната дејност меѓу операторите со храна, д-р Ристовска ја подготвила со соработниците стручната монографија *„Хигиена на храна и заштита на животната средина"* Скопје, 2007 година, рецензирана во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 941 од 30.4. 2008. Оваа монографија достигнува уште две дополнети изданија.

Кандидатката е член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир – III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество. Исто така учествувала во стручни комисии и тела за подготовка на закони и други видови национални докменти. Таа била член на Националниот Координативен Комитет во Проектот „Национална Рамка за биосигурност" 2003-2004 година; член на работната група за изработка на Законот за управување со генетски модифицирани организми; член на работната група за изработка на Законот за заштита од бучавата во животната средина, 2006 година; член на работна група за изработка на секундарната легислатива која произлегува од Законот за заштита од бучавата во животната средина; член на работната група за изработка на Законот за заштита од електромагнетни зрачења; член на работната група за изготвување на Програмата за превентивна здравствена заштита на населението на РМ; член на работната група за изготвување на Извештајот за здравјето на населението на РМ; член на работната група за изготвување на Годишниот извештај за реализација на превентивната здравствена заштита на населението на РМ; член на работна група за приближување на националното законодавство со европското во областа на бучавата во животната средина.

***Листа на рецензирани трудови***

***Трудовите со реден број од 1 до 3 се рецензирани во Билтенот на Универзитет „Св .Кирил и Методиј" бр. 831 од 16 јуни 2003 година:***

1. **Ристовска Г**, Кочубовски М. Хронична експозиција на арсен преку водата за пиење. II Конгрес на лекарите на превентивната медицина; Охрид 2002.
2. **Ристовска Г**, Ѓорѓев Д. Кендровски В. Процена на хронична изложеност на школските деца на бучава во урбана средина. II Конгрес на лекарите на превентивна медицина; Охрид 2002.
3. **Ристовска Г**. Имплементација на доза-одговор во проценката на ризикот од комуналната бучава кај училишните деца во Скопје. Медицина 2003-Зборник на стручни активности, 24 Меѓународен саем на медицинска, дентална и фармацевтска опрема, инструменти потрошен материјал и лекови; Скопје 2003.

***Трудовите со реден број од 4 до 13 се рецензирани во Билтенот на Универзитет „Св .Кирил и Методиј" бр. 866 од 1 февруари 2005 година:***

4. Z. Dimitrovska, P. Mishevska, **G. Ristovska**, N. Tasevska, K. Stardelova, V. Andreevski, R. Isjanovska. Comprehensive nutritional status in previously diagnosed patients with inflammatory bowel disease. Abstrakt book V International Nutrition and Dietetics Congress. Antalya 2003.
5. Мишевска П, Димитровска З, Старделова К, **Ристовска Г**, Миљовска Б, Дерибан Ѓ, Крстевски М, Аврамовски В, Андреевски В, Кендровски В. Исхраната како фактор на ризик кај воспалителни цревни заболувања. Зборник на апстракти XVI Конгрес на лекарите на Република Македонија; Охрид 2003.
6. Z.Dimitrovska, **G. Ristovska**, B. Miljovska, V. Kendrovski.Overweight and obesity and its association with other cardiovascular risk factors in adults. Annals of nutrition & metabolism. 9th European Nutrition Conference; Rome 2003.
7. **Ристовска Г**. Когнитивно-бихејвиорални промени кај училишните деца во бучна урбана средина. Мак Мед Преглед, год 56, 2002, 43-7.
8. М. Кочубовски, **Ристовска Г**, Миљовска Б. Мониторинг квалитета ваздуха у Републици Македонији и евалуација здравствених ефеката код деце. Зборник Резимеа XXXVII Дани Превентивне Медицине, Ниш 2003.
9. **Ристовска Г**, Димитровска З, Миљовска Манушева Б, Кендровски В. Вработени жени и ризикот за развој на кардиоваскуларни заболувања. Зборник на трудови **I** Македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество, Струга 2004.
10. **Ristovska G**,  Georgiev V, Gjorgjev D, Kocubovski M. Risk assessment of noise pollution in urban center Skopje with digital modeling. Journal of environmental protection and ecology 2004; 5(3): 547-54.
11. Ristovska G, Gjorgjev D, Pop Jordanova N. Psychosocial effects of community noise:Cross sectional study of school children in urban center of Skopje, Macedonia. Croat Med Jour 2004;45(4):473-6.
12. M. Kochubovski, D. Gjorgjev, **G. Ristovska**, V. Rizova, B. Manevska, V. Ristova. Evaluation of the sanitary-hygienic status of the watersupplying in Sveti Nikole contaminated by aluminium and trihalomethanes and the health status. Journal of environmental protection and ecology 2004; 5(4): 791-5.
13. E.Kupeva, S. Andonova, **G. Ristovska**,  A. Nedelkov, T. O. Grncarovska.  POPs and the environment-activities in the Republic of Macedonia. Journal of environmental protection and ecology 2004; 5(3): 540-546.

***Трудовите со реден број од 14 до 18 се рецензирани во Билтенот на Универзитет „Св .Кирил и Методиј" бр. 941 од 30. 04. 2008:***

14. **Ristovska G**, Gjorgjev D, Aleksoski B, Menkova V, Dimitrovska Z, Kosevska E. Health risk assessment of community noise at school children in the urban center Skopje. Abstract book 13th congress of European union for school and university health and medicine, Dubrovnik, 2005.
15. Kosevska E, Ljaljevic A, **Ristovska G**. Morbidity of school children on primary level in Macedonia and Montenegro. Abstract book 13th congress of European union for school and university health and medicine, Dubrovnik, 2005.
16. Колевска Л, Најденкоска А, **Ристовска Г**, Караманди Лазаревска В. Аналитичка проценка на дневниот диететски внес на нитрати. Зборник на резимеа на III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006.
17. **Ристовска Г**, Колевска Л, Маневска Б,  Караманди Лазаревска В. Проценка на дневниот диетески внес на олово и кадмиум. Зборник на резимеа на III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006.
18. **Ристовска Г**, Ѓорѓев Д. Пилот студија за проценка на здравствено-еколошките индикатори за комунална бучава. Зборник на резимеа на III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006.

***Трудовите со реден број од 19 до 24 се рецензирани во билтенот на Универзитет „Св .Кирил и Методиј" бр. 999 од 31. 12. 2010:***

19. **Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Кендровски В, Ивиќ-Колевска С. Проценка на вознемиреноста од бучавата во животната средина кај изложената популација во град Скопје. студија на пресек. Мак Мед Преглед 2008;62(3): 24-31.
20. **Ristovska G**, Gjorgjev D, Polozhani A, Kocubovski M, Kendrovski V. Environmental noise and annoyance in adult population of Skopje: a cross-sectional study. Arh Hig Rada Toksikol 2009;60:349-55.
21. **Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Кочубовски М. Изложеноста на резиденцијална бучава и ефектите кај изложената возрасна популација: студија на пресек во град Скопје. Physioacta 2009; 3(1):29-41.
22. **Ristovska G**, Gjorgjev D, Stikova E, Petrova V, Davceva Cakar M. Noise induced sleep disturbance in adult population: cross sectional study in Skopje urban centre. Maced J Med Sci. 2009;2(3):255-60.
23. **Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Стикова Е, Положани А. Проценка на ризикот од вознемиреност и хипертензија кај популацијата изложена на зголемено ниво на резиденцијална бучава. Архиви на јавното здравје 2009;1:81-8.
24. Ивиќ Колевска С, **Ристовска Г**, Цонева Е, Лазаревска Караманди В. Микробиолошка безбедност на месо и месни производи во Република Македонија во периодот 2003-2008 година. Архиви на јавното здравје 2009;1:81-8.

***Трудови кои кандидатката ги пријави за рецензија за овој избор:***

**Ristovska G**, Kendrovski V, Pollozhani A, Spiroski I. National total diet study for chemical contaminants in Macedonia; design and preliminary results. European journal of public health, vol 19, Supp 1, 2009: 149.

Трудот има за цел да го прикаже дизајнот на националната студија за проценка на дневниот внес на хемиски контаминенти (токсични метали и резидуи на пестициди) со храната како и прелиминарните резултати од истражувањето. Резултатите ја истакнуваат потребата и значењето на примената на современите методи за детекција на резидуи на хемиските контаминенти во проценката на дневниот внес и ризикот по здравјето на луѓето. Трудот има научно-апликативен карактер.

**Ristovska G**, Gjorgjev D, Spiroski I, Kendrovski V. Environmental noise indicators in urban settings: cross sectional study in Skopje, 2006 year. European journal of public health, vol 19, Supp 1, 2009: 212.

Во трудот е прикажан дизајнот на студијата на пресек за одредување на индикаторите за изложеност на бучавата, како и методите за одредување на овие индикатори кои се базираат на објективни мерења на бучавата. Резултатите овозможуваат квантификација на индикаторите и покажуваат дека поголем дел од примерокот е изложен на бучава која ги надминува граничните вредности. Трудот има научно-апликативен карактер.

Богоевска Е, Трајковски В, **Ристовска Г**, Богоевски А. Евалуација на комуналната бучава во Битола со посебен осврт на изложеноста на училишната популација. Архиви на јавното здравје 2010;1(2):51-6.

Трудот има за цел да изврши евалуација на изложеноста на популацијата на бучава во градот Битола, применувајќи ретроспективен метод на анализа, надополнет со студија на пресек. Ретроспективната анализа покажа дека интензитетот на бучвата се менува со развојот на сообраќајот и стопанските активности во градот, но сепак бучавата се одржува под граничните вредности во станбените зони. Во студијата на пресек е вклучен примерок од училишната популација за утврдување на појава на неуротски пореметувања поврзани со стрес. Не постои статистички значајна разлика во неуротските пореметувања поврзани со стрес меѓу испитуваната и контролната група. Трудот има стручен и научен карактер.

**Ristovska G**. Questionnaire based survey for noise induced annoyance in urban population. European symposium Harmonisation of European sound insulation descriptors and classification standards, Florence December 2010.

Трудот има за цел да го прикаже методолошкиот пристап на проценка на вознемиреноста предизвикана со бучава преку примена на прашалник, изработен според ИСО стандард и со тоа да даде научен придонес и апликативност во воспоставувањето на стандардизирани методи при евалуација на дескрипторите на изолација во станбените објекти. Трудот има научно-апликативен карактер.

***Стручна монографија за рецензија за овој избор***

**Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Кендровски В. Хигиена на храна и заштита на животната средина, 3то и дополнето издание. ЈЗУ Републички завод за здравствена заштита Скопје. 2009

Монографијата е наменета за едукација и јакнење на капацитетити кај операторите со храна, кои имаат значајно влијание врз безбедноста на прехранбените производи со кои доаѓаат во контакт.

Запознавањето со основните принципи на општата хигиена и личната хигиена, хигиената на прехранбените производи, методите за превенција на заразните болести и болестите поврзани со храната ќе придонесе да се намалат болестите поврзани со храната. Легислативата за безбедноста на храната која е во процес на постојано менување и зајакнување е интегрален дел на оваа монографија. Сето тоа е прикажано на еден сликовит и пластичен начин што ја прави монографијата прифатлива за популација со различен степен на образование.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Од извештајот и предложениот список на трудови, кои ги објавила кандидатката Д-р Гордана Ристовска во стручната и научна периодика, објавените трудовите кои ги соопштила на стручни и научни собири во земјата и странство, може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручна и научна активност на кандидатката констатиравме дека Д-р Гордана Ристовска ги исполнува сите улови за избор на наставник во звањето **насловен доцент** за наставно научна област Хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за Медицински науки - Штип, Д-р Гордана Ристовска да се избере во звање **насловен доцент** во наставно-научна област Хигиена.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорги Шуманов-претседател**
**Проф. д-р Милка-Јанкуловска-Здравковска-член**
**Доц. д-р. Гордана Панова-член**

### Т А Б Е Л А

### за вреднување на активностите на д-р Гордана Ристовска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

| **Вид на активност** | **број** | **поени** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник<br>Хигиена и здравствена екологија, 2008 год.<br>Хигиена на храна и исхрана, 2008 год. | 2 | 15 | 30 |
| Превод на учебник<br>Публикацијата на СЗО „Хигиена на исхрана и превенција на хронични незаразни болести” | 1 | 10 | 10 |
| Учество во образовна ТВ програма | 4 | 0,5 | 2 |
| Ментор на одбранета специјалистичка работа | 4 | 2 | 8 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>Општа медицина XI семестар 4 часа x 10 недели = 40 часа<br>Општа медицина IV семестар 4 часа x 10 недели = 40 часа<br>Општа медицина XII семестар 8 часа x 12 недели = 96 часа<br>Висока школа за стручни медицински сестри (редовни) 2 часа x 8 недели=16 часа<br>Висока школа за радиолошки технолози и физиотерапевти (редовни) 2 часа x 3 недели=6часа<br>Висока школа за стручни медицински сестри, радиолошки технолози и физиотерапевти (вонредни) 2 часа x 3 недели=6часа<br>Вкупно часови по 5 години = 1008 часови | 1008 | 0,2 | 201,6 |
| Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс<br>Постдипломски студии за јавно здравје 2 часа по 4 години | 8 | 3 | 24 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатени со СЦИ во странство<br>Ristovska G, Gjorgjev D, Pop Jordanova N. Psychosocial effects of community noise:Cross sectional study of school children in urban center of Skopje, Macedonia. Croat Med Jour 2004;45(4):473-6.<br>**Pistovska G**, Gjorgjev D, Polozhani A, Kocubovski M, Kendrovski V. Environmental noise and annoyance in adult population of Skopje: a cross-sectional study. Arh Hig Rada Toksikol 2009;60:349-55. | 2 | 9 | 18 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во странство<br>**Ristovska G**, Georgiev V, Gjorgjev D, Kocubovski M. Risk assessment of noise pollution in urban center Skopje with digital modeling. Journal of environmental protection and ecology 2004; 5(3): 547-54.<br>M. Kochubovski, D. Gjorgjev, **G. Ristovska**, V. Rizova, B. Manevska, V. Ristova. Evaluation of the sanitary-hygienic status of the watersupplying in Sveti Nikole contaminated by aluminium and trihalomethanes and the health status. Journal of environmental protection and ecology 2004; 5(4): 791-5.<br>E.Kupeva, S. Andonova, **G. Ristovska**, A. Nedelkov, T. O. Grncarovska. POPs and the environment-activities in the Republic of Macedonia. Journal of environmental protection and ecology 2004; 5(3): 540-546. | 3 | 6 | 18 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во земјава<br>**Ристовска Г**. Когнитивно-бихевиорални промени кај училишните деца во бучна урбана средина. Мак. мед. преглед, год 56, 2002, 43-7.<br>**Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Кендровски В, Ивиќ-Колевска С. Проценка на вознемиреноста од бучавата во животната средина кај изложената популација во Град Скопје. Студија на пресек. Мак. мед. преглед 2008;62(3): 24-31.<br>**Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Кочубовски М. Изложеноста на резиденцијална бучава и ефектите кај изложената возрасна популација: студија на пресек во Град Скопје. Physioacta 2009; 3(1):29-41.<br>**Ristovska G**, Gjorgjev D, Stikova E, Petrova V, Davceva Cakar M. Noise induced sleep disturbance in adult population: cross sectional study in Skopje urban centre. Maced J Med Sci. 2009;2(3):255-60.<br>**Ристовска Г**, Ѓорѓев Д, Стикова Е, Положани А. Проценка на ризикот од вознемиреност и хипертензија кај популацијата изложена на зголемено ниво на резиденцијална бучава. Архиви на јавното здравје 2009;1:81-8.<br>Ивиќ Колевска С, **Ристовска Г**, Цонева Е, Лазаревска Караманди В. Микробиолошка безбедност на месо и месни производи во Република Македонија во периодот 2003-2008 година. Архиви на јавното здравје 2009;1:81-8.<br>Богоевска Е, Трајковски В, **Ристовска Г**, Богоевски А. Евалуација на комуналната бучава во Битола со посебен осврт на изложеноста на училишната популација. Архиви на јавното здравје 2010;1(2):51-6. | 7 | 3 | 21 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>**Ристовска Г**. Имплементација на доза-одговор во проценката на ризикот од комуналната бучава кај училишните деца во Скопје. Медицина 2003-Зборник на стручни активности, 24. Меѓународен саем на медицинска, дентална и фармацевтска опрема, инструменти потрошен материјал и лекови; Скопје 2003. | 1 | 1 | 1 |
| Пленарно предавање на научен собир<br>WHO Burden of diseases of environmental noise<br>Bonn 2010 – Needs for knowledge transfer and capacity building in the new EU member states, SEE countries and NIS countries. | 1 | 3 | 3 |
| Секциско предавање на научен собир во странство | 1 | 2 | 2 |
| Учество на научен собир со реферат - усно во земјава<br>**Ристовска Г**, Кочубовски М. Хронична експозиција на арсен преку водата за пиење. II Конгрес на лекарите на превентивната медицина; Охрид 2002.<br>**Ристовска Г**, Ѓорѓев Д. Кендровски В. Процена на хронична изложеност на школските деца на бучава во урбана средина. II Конгрес на лекарите на превентивна медицина; Охрид 2002.<br>**Ристовска Г**, Колевска Л, Маневска Б, Караманди Лазаревска В. Проценка на дневниот диетески внес на олово и кадмиум. Зборник на резимеа на III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006.<br>**Ристовска Г**, Ѓорѓев Д. Пилот-студија за проценка на здравствено-еколошките индикатори за комунална бучава. Зборник на резимеа на III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006. | 4 | 1,5 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на научен собир усно во странство<br>М. Кочубовски, **Ристовска Г**, Миљовска Б. Мониторинг квалитета ваздуха у Републици Македонији и евалуација здравствених ефеката код деце. Зборник резимеа XXXVII Дани превентивне медицине, Ниш 2003. | 1 | 2 | 2 |
| Учество на научен собир со постер во странство:<br>Z. Dimitrovska, P. Mishevska, **G. Ristovska**, N. Tasevska, K. Stardelova, V. Andreevski, R. Isjanovska. Comprehensive nutritional status in previously diagnosed patients with inflammatory bowel disease. Abstrakt book V International Nutrition and Dietetics Congress. Antalya 2003.<br>Z.Dimitrovska, **G. Ristovska**, B. Miljovska, V. Kendrovski.Overweight and obesity and its association with other cardiovascular risk factors in adults. Annals of nutrition & metabolism. 9th European Nutrition Conference; Rome 2003.<br>**Ristovska G**, Gjorgjev D, Aleksoski B, Menkova V, Dimitrovska Z, Kosevska E. Health risk assessment of community noise at school children in the urban center Skopje. Abstract book 13th congress of European union for school and university health and medicine, Dubrovnik, 2005.<br>Kosevska E, Ljaljevic A, **Ristovska G**. Morbidity of school children on primary level in Macedonia and Montenegro. Abstract book 13th congress of European union for school and university health and medicine, Dubrovnik, 2005.<br>**Ristovska G**, Kendrovski V, Pollozhani A, Spiroski I. National total diet study for chemical contaminants in Macedonia; design and preliminary results. European journal of public health, vol 19, Supp 1, 2009: 149.<br>**Ristovska G**, Gjorgjev D, Spiroski I, Kendrovski V. Environmental noise indicators in urba settings: cross sectional study in Skopje, 2006 year. European journal of public health, vol 19, Supp 1, 2009: 212.<br>**Ristovska G**. Questionnaire based survey for noise induced annoyance in urban population. European symposium Harmonisation of European sound insulation descriptors and classification standards, Florence December 2010. | 7 | 1,5 | 10,5 |
| Учество на научен собир со постер во земјата<br>Мишевска П, Димитровска З, Старделова К, **Ристовска Г**, Миљовска Б, Дерибан Ѓ, Крстевски М, Аврамовски В, Андреевски В, Кендровски В. Исхраната како фактор на ризик кај воспалителни цревни заболувања. Зборник на апстракти XVI Конгрес на лекарите на Република Македонија; Охрид 2003.<br>**Ристовска Г**, Димитровска З, Миљовска Манушева Б, Кендровски В. Вработени жени и ризикот за развој на кардиоваскуларни заболувања. Зборник на трудови **I** Македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество, Струга 2004.<br>Колевска Л, Најденкоска А, **Ристовска Г**, Караманди Лазаревска В. Аналитичка проценка на дневниот диететски внес на нитрати. Зборник на резимеа на III конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006. | 3 | 1 | 3 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Учество во научен проект во земјата<br>„Евалуација на прекуграничното загадување на реката Вардар и влијанието врз здравјето на луѓето и животната средина", | 1 | 2 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во научен проект во странство<br>„Европска мрежа за бучава и здравје” (ENNAH- European Network on Noise and Health, Grant agreement 226442), 2009-2011 | 1 | 2 | 2 |
| Член на уредувачки одбор на научно списание<br>Архиви на јавно здравје | 1 | 1 | 1 |
| Студиски престој во странство | 3 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| Стручна монографија<br>„Хигиена на храна и заштита на животната средина”, која достигна три изданија.<br>„Нутритивна антропометрија, мерења, индикатори, индекси, нутритивен статус” која достигна две изданија | 3<br>2 | 3<br>3 | 9<br>6 |
| Пленарно предавање на стручен собир во земјата | 3 | 2 | 6 |
| Учество во научен проект<br>Координатор на Работната група за ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, во националниот проект „Овозможувачки активности за олеснување на раното дејствување на имплементацијата на Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи во Република Македонија”, во периодот 2001-2004.<br>Истражувач и член на управувачкиот одбор на меѓународниот COST проект - TU 0901 Integrating and Harmonizing Sound Insulation Aspects in Sustainable Urban Housing Constructions 2009-2013.<br>Истражувач и член на управувачкиот одбор во меѓународниот проект TD 0804 Soundscape of European Cities and Landscapes 2009-2012. | 1<br>1<br>1 | 5<br>8<br>8 | 5<br>8<br>8 |
| Изготвување на извештаи од анализи | 6 | 0,1 | 0,6 |
| Стручни награди и признанија<br>Благодарница и диплома од Македонско лекарско друштво | 2 | 4 | 8 |
| Член на институтски орган/комисија | 7 | 2 | 14 |
| ВКУПНО | | | |
| **ВКУПНО НО и НИ и стручно-апликативна дејност 275,6 +110,5 + 64,6 =** | **450,7** | | |